Телескоп, микроскоп, стетоскоп

(хаику дневник)

ВАСКО МАРКОВСКИ

БИБЛИОТЕКА – **Поетите од Наше маало**

Главен уредник
Филип Димевски

Наслов на оригиналот
Васко Марковски, Телескоп, микроскоп, стетоскоп

© Васко Марковски, 2024
© Бегемот, 2024

Лектура
Ирена Ралева

Компјутерска обработка
Бегемот

Графичко уредување
Наталија Лукомска

© Сите права на изданието ги има – БЕГЕМОТ ДООЕЛ. Забрането е копирање, умножување и објавување на делови или на целото издание во печатени или електронски медиуми без писмено одобрение од издавачот.

Телескоп, микроскоп, стетоскоп

(хаику дневник)

ВАСКО МАРКОВСКИ

Скопје, 2024

Сателит

Јас сум сателит!
Низ станот, по цел ден, го
следам рутерот.

Познат глас

На автобуска
некој, прозборе немски.
Ја чув тетка ми.

Средба

Девојчиња две
в автобус се смешкаат, кон
идната старост.

Стојачи пред бакалница

Клапа стојачи,
и делник и празник, пред
бакал дежура.

Ненадејна слобода

Тргнав на пазар
без саат, без мобилен.
Најдов слобода.

Две кавги

Кавга во „петка“.
По миг: двајца, гледам, со
мобилни в раце.

Üsküp

Otobüs, „on beş“.
Со Турчин во глава, го
откривам Скопје.

Студ

Студен зимски ден.
Кон Скопска Црна Гора
поглед ни крева.

Zappa

На уши Запа –
и светот наоколу
менува вредност.

Ноќна мандолина

Еден по еден
врз жици прст се реди –
градат акорди.

Тараби

Тараби в тревник,
идно чудовиште, од
погледот кријат.

Ѕвезди

Син ми ми рече:
„Види горе, ѕвезди!“. Го
видов Орион.